РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendra, Shkup
Tel. 02/3220509

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-672/4

20. 09 20 21 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на стручни студии (180 ЕКТС) по „Бизнис администрација“ на Приватна високообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро колеџ“ - Куманово

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на стручни студии (180 ЕКТС) по „Бизнис администрација“ на Приватна високообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро колеџ“ - Куманово.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр.08-207/9 од 21.07.2021 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Приватна високообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро колеџ“ - Куманово се обрати со барање бр.03-114 од 05.08.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр.08-672/1 од 09.08.2021 година, за утврдување на испонетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на стручни студии (180 ЕКТС) по „Бизнис администрација“ на Приватна високообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро колеџ“ - Куманово.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-672/2 од 10.08.2021 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 11.09.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-672/3 од 16.09.2021 година, каде е наведено дека, за студиската програма од прв циклус на стручни студии (180 ЕКТС) по „Бизнис администрација“ на Приватна високообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро колеџ“ - Куманово, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

ДИРЕКТОР/ DREJTOR
Dr. Agim Rushiti

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архива

изработил: Милена Ефремовска
одобрил: Севгил Муртези

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ - Скопје • AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË • REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT • Shkup